РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-396
03-3 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 107, став 1, алинеја 7 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Одлуката за востановување награда „Св. Кирил и Методиј", донесена на 12. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 10.9.2013 година, и Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на наградата „Св. Кирил и Методиј", усвоен на 180. седница на РУ одржана на 18.2.2014 година, Одборот за доделување на наградата „Св. Кирил и Методиј" објавува

# **К О Н К У Р С**
## **за доделување на наградата „Св. Кирил и Методиј" за 2014 година**

1. Со овој Конкурс се доделува наградата „Св. Кирил и Методиј" за 2014 година

2. Право на учество на конкурсот има лице избрано во наставно-научно или во научно звање, кое е во работен однос на Универзитетот.

3. Предлози за доделување на наградата „Св. Кирил и Методиј" до Одборот може да поднесат: единица, односно повеќе единици на Универзитетот, група предлагачи (лица избрани во наставно-научни звања во работен однос на Универзитетот) и кандидатот лично.

4. Предлагачите од точка 3 треба подробно да го образложат предлогот.

5. Предлогот треба да содржи:
   - биографски податоци за кандидатот,
   - податоци за остварените резултати,
   - постигнатите остварувања,
   - придонесот во развојот на наставно-образовната работа и
   - афирмацијата на Универзитетот во државата и пошироко,
   - и други податоци што се смета дека ќе придонесат во оценувањето.

6. Предлагачот комплетните материјали за предложениот кандидат за добивање на наградата треба **да ги достави до Одборот за доделување на наградата „Св. Кирил и Методиј" најдоцна до 31.3.2014 година,** на адреса УКИМ, бул. Гоце Делчев бр. 9, со назнака за Одбор за доделување на наградата, или скенирани на адреса: ukim@ukim.edu.mk.

7. Конкурсот се доставува до единиците на Универзитетот и се објавува на веб-страницата на Универзитетот.

**Одбор за доделување на**
**наградата „Св. Кирил и Методиј"**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *